# КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ - ОБУКА ВО БОЛНИЦА ТОКУДА БУГАРИЈА

Др.Татјана Сенева
специјалист радиолог
Здравствен дом Пробиштип




*- Престој и обука од 3 недели во болницата ТОКУДА во Софија, Р. Бугарија на одделот за визуелна дијагностика*



*-одделението за визуелна дијагностика е мултидисциплинарно и опремено со модерна опрема (конвенционални рентген апарати, дигитална мамографија, ултразвук, компјутерска томографија, магнетна резонанца).*

*Во склоп на  одделението за визуелна дијагнотика  функционира посебен центар за скриниг на рак на дојка и мамографија.*



*-Центарот нуди широк спектар на скрининг и дијагностички процедури за рак на дојка како дигитална мамографија,софтвер за компјутерски асистирана дијагностика, стереотаксична биопсија (најсовремена метода на иглена биопсија) .*

*-Центарот има мултидисциплинарен пристап кон  патолошките случаи , конзилиум од радиолог, патолог, хирург-онколог, спец.по радиотерапија.*

**За време на престојот имавме можност за опсервација и учење од нашите колеги преку конкретни случаеви. Нашата цел беше усовршување на знаењата во ултразвучното иследување на дојки.**



## Случај 1:

Пациентка А.П. 33 години, мажена мајка на едно дете, се јавила на контрола една година по поставување на импланти на градите. На ултразвучен преглед на дојките констатирана е руптура на имплантот на левата дојка .Пратена кај торакален хирург за замена на имплантот.

## Случај 2:

Пациентка 28 години, се јавува на преглед бидејќи напипала топчеста формација на десната града. На ехо прегледот во горен латерален квадрант се забележува хиперехогена формација со дијаметар 20 мм, во прилог на Дг.фиброаденом, препорака за хируршко отстранување.

# *ЗАКЛУЧОК/ НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ*

***Престојот претставуваше одлична можност за размена на искуства, стекнување на нови знаења кои може да се применат во секојдневната работа.***